Бр./Nr 12-152/2

16-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 46-та седница одржана на ден 12 февруари 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12-1757/1 од 22.03.2019 година доставена од познат подносител физичко лице – ______________________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1757 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1757/1 од 22.03.2019 година.

Предметот со број 12-1757од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1757 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1757/1 од 22.03.2019 година, доставена до Државната комисија по електронска пошта, од познат подносител физичко лице, ____________________________, со позната електронска адреса.

Со наводите од пријавата и прилог поднесоците се укажува на сомневања за противправно постапување и за злоупотреби на службената положба од страна на лицето ____________ - сопственик на правното лице ____________________________.

Од наводите содржани во предметната пријава, исто така, Државната комисија дојде до сознанија за тоа дека посоченото лице, врз основа на фиктивно вработување во правното лице во негова сопственост, остварувало банкарски трансакции за исплата на плата на фиктивно вработеното лице – __________________ од ___________, во периодот ____________ година, во кој период ______________ не престојувал во Република Македонија, односно престојувал и бил вработен во _______.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајки од наводите на подносителот, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање и на ургенција - по барање за достава на податоци и

информации – со прилог документација до Министерството за внатрешни работи на Република Севрна Македонија.

Последователно, по повод доставеното барање, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор од кој произлегува дека од страна на Министерството за внатрешни работи предметното барање, односно и ургенцијата биле/се доставени на Основното јавно обвинителство __________.

Со доставениот одговор, исто така се известува Државната комисија за спречување на корупцијата дека од надлежното јавно обвинителство на ден __________2020 година е издадена Наредба бр. ________________ врз основа на која постапува Министерството за внатрешни работи на начин што е започнато вршење на проверки преку барање на потребни известувања до надлежните институции, односно дека постапката по овој пријавен случај е во тек.

Согласно се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по наводите од предметната пријава постапиле и постапуваат други надлежни органи во Република Северна Македонија.

Оттаму, врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека Државната комисија нема основ за понатамошно постапување согласно со надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдени со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Февруари 2021 година под бр.** 12-152/2/ 16-02-2021

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- подносителот